## ПОВИК БР. 003/2023 – АНГАЖИРАЊЕ НА НАЦИОНАЛЕН ЕКСПЕРТ

Институтот за стратешки истражувања и едукација (ИСИЕ) од Скопје за потребите на реализација на проектот "Corruption Free Universities in Albania, North Macedonia and Serbia" (Универзитети без корупција во Албанија, Северна Македонија и Србија) кој се спроведува во рамките на Програмата SMART BALKANS CIVIL SOCIETY FOR SHARED SOCIETY IN THE WESTERN BALKANS, финансирана од Министерството за надворешни работи на Кралството Норвешка објавува **ПОВИК ЗА АНГАЖИРАЊЕ НА НАЦИОНАЛЕН ЕКСПЕРТ** за изработка на Заеднички извештај, Краток документ за политики, Водич за спречување на корупција со примери за најдобри практики и спроведување на две работилници.

**Општа цел** на проектот е да се промовира владеењето на правото, да се обезбеди ефективно спроведување на правдата и да се спречи корупцијата меѓу студентите и вработените во високото образование во Албанија, Северна Македонија и Србија.

**Специфична цел(и) (исходи) на проектот:**

(1) да се подигне свеста на сите чинители во системот за високо образование за ефективно спроведување на механизмите за спречување на корупцијата;

(2) да се зајакнат капацитетите на универзитетската администрација и органите на универзитетите, како и капацитетите на студентите, студентските тела и организации за спроведување на постојното законодавство за спречување на корупцијата и за развој на нови инструменти за справување со новите предизвици и

(3) да се промовира на механизмите кои овозможуваат пријавување на корупција преку подобро информирани засегнати страни и пошироката јавност .

**Обем на задачи и активности:**

- Подготовка на Методологија – 1 ден

Подготовка на Методологија за изработка Заеднички извештај за перцепција на корупцијата во високото образование и проценка на спречување на корупцијата во високото образование во делот за С. Македонија заедно со националните експерти од Албанија и Србија и во консултации со проектниот тим

- Подготовка на Заеднички извештај (Joint Report) во делот за С. Македонија – 4 дена

Подготовка на Заеднички извештај за перцепција на корупцијата во високото образование и проценка на спречување на корупцијата во високото образование во делот за С. Македонија, со цел да се идентификуваат потенцијалните предизвици во развојот активности за градење капацитети и потенцијални законодавни активности.

- Подготовка на Policy Paper – 1 ден

Краток документ за политики (Policy brief), кој ќе понуди прецизни заклучоци операционализирани во опипливи препораки за креаторите на политиките и релевантните чинители.

- Подготовка на Водич за спречување на корупцијата (Anti corruption Guides) – 3 дена

Водич за спречување на корупцијата , поддржан од примери за соодветни најдобри практики – со цел да се опише постапката и процедурите за заштита на правата на студентите, при пријавување на корупција на едноставен начин врз основа на чекор-по-чекор пристап во секоја земја. Водичите ќе содржат детален чекор-по-чекор опис на процедурите што треба да ги следат студентите и правните процедури кои им се на располагање, во секоја земја. Примерите на најдобри практики ќе содржи резиме на најдобрите практики за превенција на корупција и пријавување и и ќе бидат дистрибуирани до избраните целни групи на сите јавни настани. Заеднички извештај

- Подготовка и организирање на работилници за градење на капацитети - 3 дена (еден ден за подготовка и два дена за реализација)

Организирање на две еднодневни работилници со цел зајакнување на капацитетите на засегнатите страни во проектот со ефективни механизми за спречување на корупцијата. Програма на работилницата првенствено ќе се заснова на наодите од истражувањето и документот за политики.

За ангажманот на Националниот експерт се предвидени вкупно **12 работни дена** во текот на 2023 година.

При евалуација на понудите ќе се користи комбиниран метод на рангирање.

**Исполнетост на техничките критериуми** – 95 бодови (Релевантно образование 10 бодови; завршени магистерски студии – 15 бодови; завршени докторски студии – 20 бодови; Релевантно претходно искуство 30 бодови; Претходни слични студии/истражувања 20 бодови). Праг за евалуација – 50 бодови.

**Финансиска понуда** – 30 бодови. Максималниот број поени ќе биде доделен на предлогот за најниска цена спореден со оние понудувачи кои ќе го поминат прагот поени при евалуацијата на техничката компонента (50 бодови). Сите други предлози за цени ќе добијат поени во обратна пропорција со најниската цена по следнава формула:

Максимум бодови за финансиска понуда * Износ на најниска понуда

Бодови за фин. понуда X = ------------------------------------------------------------------------------------

Износ на фин. понуда X

**Квалификации**

- Универзитетска диплома од додипломски студии по право. Предност ќе смета магистерски студии и докторат;
- Најмалку 5 години работно искуство во областа на спречувањето на корупција, јавна администрација, високо образование;
- Искуство во консултации и работа со владини институции и невладини организации;
- Искуство во работа со студенти и облици на студентското организирање;
- Силни истражувачки и аналитички вештини;
- Искуство во работа на реформи поврзани со транспаретност и отчетност на институциите и јавната администрација како и антикорупциски политики и право;

- Најмалку три истражувања поврзани со примена на законска регулатива во областа на спречувањето на корупција, јавна администрација, високо образование, пристап до информации од јавен карактер, заштита на укажувачи и слично во последните пет години.
- Искуство во работа со меѓународни организации или на регионални иницијативи и проекти.

Начин на аплицирање: Кандидатот/ката доставува биографија и финансиска понуда (вкупен бруто износ за ангажманот) на електронската адреса **isie@mail.org** најдоцна до **10 март 2023 г.**

ИСИЕ го задржува правото да обезбеди информации од претходни работодавачи на кандидатот.

По завршување на процесот на селекција сите кандидати ќе бидат известени за исходот.

Ве молиме без телефонски јавувања.

Скопје, 27.2.2023 година